**20160651915**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 394 алинеја 8 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СПОРТСКИ И ДРУГИ ПРИРЕДБИ НА ПАТ И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СПОРТСКИ И ДРУГИ ПРИРЕДБИ НА ПАТ ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на организација на обезбедувањето на спортски и други приредби на пат и висината на трошоците поврзани со организирање на спортски и други приредби на пат од страна на полициските службеници на Министерството за внатрешни работи.

Член 2

Обезбедувањето на спортски и други приредби на пат се врши во услови на отворен (редовен режим) и затворен (посебен режим) патен сообраќај.

Член 3

(1) Обезбедувањето на спортски и други приредби на пат во услови на отворен (редовен режим) патен сообраќај се врши од страна на организаторот на приредбата или од страна на полициски службеници на Министерството за внатрешни работи.

(2) Обезбедувањето на спортски и други приредби на пат во услови на затворен (посебен режим) патен сообраќај се врши од страна на полициски службеници на Министерството за внатрешни работи.

Член 4

(1) Во услови на отворен (редовен режим) патен сообраќај, обезбедувањето на приредбата од страна на полициските службеници се врши со најмалку еден службен патнички автомобил на Полицијата пред учесниците и еден службен патнички автомобил на Полицијата зад учесниците на приредбата, додека од левата страна на учесниците обезбедувањето може да се врши и со еден службен мотоцикл на Полицијата.

(2) Во услови на затворен (посебен режим) патен сообраќај, обезбедувањето на приредбата од страна на полициските службеници се врши со по еден службен патнички автомобил на Полицијата распоредени на крајните точки на патот и определен број на возила распоредени на секоја крстосница од патот на која се одвива приредбата.

Член 5

Полициските службеници на Министерството за внатрешни работи може да преземаат и дополнителни мерки на обезбедување во зависност од видот и типот на спортската или друга приредба на пат.

Член 6

Одредбите кои се однесуваат на висината на трошоците утврдени со Решението за наплата на трошоци при укажување помош (асистенција) од страна на полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/13), се применуваат и при определување на висината на трошоците поврзани со обезбедување на спортски и други приредби на пат од страна на полициските службеници на Министерството за внатрешни работи.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на организација на обезбедувањето на спортски и други приредби на пат и висината на трошоците поврзани со организирање на спортски и други приредби на пат од страна на униформираните полициски службеници на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/07).

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 1311-20002/1
29 март 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.